**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**
**Су - 04 бр.45/22**
**28.11.2022 година**
**Охрид**

Врз основа на член 9 став 3, член 39 и член 40 од Законот за судска служба (*”Сл. весник на Р.М.” бр.43/14, 33/15, 98/15, и 6/2016, 198 /18 и број 248 /18*), а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас *(”Сл. весник на Р.М.” бр. 275/2020*), Основниот суд во Охрид, на ден 28.11.2022 година, објавува:

**И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С број 01/2022**
**За унапредување на судски службеници во Основниот суд во Охрид**

**СЕ РАСПИШУВА** Интерен оглас за унапредување на судски службеници за следните работни места:

1. **Шифра на работното место СУД0101В02001, ниво В2, Виш судски соработник**;........................................................ број на извршители – 1 (еден);

- **Услови:**
  - Степен и вид на образование: стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – правен факултет и положен правосуден испит,
  - Најмалку 2 (две) години работно искуство во струката,

Платата за работното место е во паричен нето износ од 30.635,00 денари.

2. **Шифра на работното место СУД0101В03001, ниво В3, Соработник – преведувач**;....................................................број на извршители – 1 (еден);

- **Услови:**

Степен и вид на образование: стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – филолошки факултет , отсек јазик или друго соодветно образование,

- Најмалку 1 (една) година работно искуство во струката,
- Потврда дека е оценет со оцена „особено се истакнува“ или „се истакнува“ при последното оценување,
- Платата за работното место е во паричен нето износ од 25.731,00 денари.

3. **Шифра на работното место СУД0101Г03001, ниво Г3, Судски референт – извршител во писарница**;......................................број на извршители – 1(еден);

- **Услови:**
- Степен и вид на образование: најмалку вишо или средно образование.
- Најмалку 1 (една) година работно искуство во струката,

Платата за работното место е во паричен нето износ од 18.217,00 денари.

**Распоред на работното време:**

- Дневното и неделното работно време е од 07,30 часот до 15,30 часот, од понеделник до петок.

**Пријава за унапредување на судски службеник преку интерен оглас**

- Заинтересираните кандидати треба да поднесат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку приемната писарница на Основниот суд во Охрид.

**Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на посебните услови, можат да ги приложат и следните докази**:

- потврди за успешно реализирани обуки , како обучувач или како посетител на обука и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД,**

**Претседател,**

**Васил Баткоски**